ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 69**

**Скопје, 22.05.2019 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од научното подрачје психологија, од областа на социјална психологија, психологија на трудот, организациска психологија и методологија и психометрија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 12**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за областа италијански јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Кандидатката, вонреден професор д-р Ана Томовска Мисоска, се јави на конкурсот за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор по група предмети од научното подрачје психологија, од областа на социјална психологија, психологија на трудот, организациска психологија и методологија и психометрија, објавен на 08.02.2019 година во весникот Независен Весник од страна на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Врз основа на доставените материјали, рецензентската комисија го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката вон. проф. д-р Ана Томовска Мисоска е родена на 12.02.1981 година во Тетово. Основно и средно образование завршува во Тетово. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Институтот за Психологија при Филозофскиот Факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј" Скопје. Дипломира во 2003 година на тема „Интергрупната пристрасност и мнозинско-малцинските односи во Република Македонија" под менторство на проф. д-р. Виолета Петроска-Бешка. Како студент со најдобар просечен успех (9,89) на Филозофскиот Факултет наградена е со Пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".
Во учебната 2005/2006 година била примена на докторски студии како стипендист на School of Education, Queen's University, Belfast. Докторската дисертација на тема „Децата, социјалниот контекст и контакт хипотезата: Компаративни етнографски студии на случај на 10-11 годишни деца во Северна Ирска и Република Македонија" ја изработила под менторство на проф. Paul Connolly и ко-менторство на проф.Tony Gallagher. Ја одбранила во 2008 година со проф. Bruce Carrington како надворешен член на комисијата и д-р Claire McGlynn како внатрешен член на комисијата.

### 1.1. Работно искуство

Во текот на студиите и по дипломирањето кандидатката д-р Ана Томовска Мисоска е вклучена во повеќе домашни и странски проекти од областите: работа со деца и млади, образование и мултикултура. Во 2004 станува проектен асистент на проектот „Креативна Настава и Учење" во Фондација Институт Отворено Општество Македонија каде што останува до почетокот на докторските студии. Во периодот 2005-2008 во рамките на докторските студии учествува во повеќе истражувачки проекти во Обединетото Кралство. По завршувањето на докторските студии се враќа во Република Северна Македонија каде што е вклучена во проекти што опфаќаат различни теми од подобрување на меѓуетничките односи, развој на етничкиот идентитет, образованието, како и истражувања од областа на менаџментот на човечки ресурси, организациската култура и усогласеност и однесување на потрошувачите. Во 2009 година е избрана во наставно-научно звање доцент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, а во 2014 во наставно-научно звање вонреден професор на истиот Универзитет. Покрај другите задолженија во моментов е и шеф на Катедрата за менаџмент на Факултетот за деловна економија и организациски науки.

## 2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Д-р Ана Томовска Мисоска е вклучена во додипломските и постдипломските студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје на предметите Психологија, Социјална сихологија, Однесување на потрошувачите, Методологија на научни истражувања, Менаџмент на човечки ресурси и Обука и развој на вработените. Кандидатката има наставно-научно звање вонреден професор. Во академската 2017/2018 година, кандидатката има студентска евалуација од 86% на додипломски студии и 100% на последипломски студии.
Во перидот од Септември 2014 година до Март 2019 година, кандидатката д-р Ана Томовска Мисоска, вонреден професор, била ментор на 13 кандидати кои одбраниле магистерски трудови на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и член на 12 Комисии за Оценка и Одбрана на магистерски труд.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 3.1. Книги:

- Tomovska - Misoska, A. (2010). *Children, social context and the contact hypothesis: Comparative ethnographic case studies of 10-11 year old children in Northern Ireland and the Republic of Macedonia.* Saarbrucken: Verlag Dr. Muller. ISBN: 978-3-639-28235-1.

Книгата произлегува од докторскиот труд на кандидатката, која е од областа на социјалната психологија и во кој е користена квалитативна методологија. Издадена е од страна на издавач од земја членка на ОЕЦД (Република Германија) врз основа на рецензиите на нејзиниот докторски труд.

### 3.2. Списанија со импакт фактор:

Во последните пет години, кандидатката има објавено два научни труда како единствен или прв автор, во меѓународни списанија со импакт фактор:

1. Tomovska Misoska, A., Dimitrova, M. and Mrsik, J. (2016). Drivers of entrepreneurial intentions among business students in Macedonia, *Economic Research-Ekonomska Istrazivanja*, 29 (1), pp. 1062-1074, DOI: 10.1080/1331677X.2016.1211956.

Трудот тестира примена на инструмент кој за прв пат се користи во нашата земја. Се однесува на кариерен развој на студентите и користи податоци за примена на теоријата на планирано однесување во разбирање на претпримечаките намери на студентите, собрани во соработка со Економски факултет при Универзитетот Св Кирил и Методиј и Универзитет на Југоисточна Европа.
Трудот е од областите: Психологија на трудот и Методологија и психометрија. Објавен е во научно списание кое е индексирано на Web of Science, со импакт фактор 0,466 во 2016 год. (1,137 во 2017 год.).

2. Tomovska Misoska, A. (2014). Giving children space to express themselves: exploring children's views and perspectives of contact programmes in Northern Ireland and the Republic of Macedonia, *Compare: A Journal of Comparative and International Education,* 44 (5), pp. 778-800. DOI: 10.1080/03057925.2013.792665.

Трудот е резултат на квалитативно истражување на 10-11 годишни деца од Северна Ирска и Република Северна Македонија и претставува дел од серијата трудови на кандидатката на тема подобрување на меѓуетничките односи кај децата. Врз основа на поврзување на контакт хипотезата со биоеколошката теорија на Бронфенбренер, трудот нуди насоки за подобрување на меѓуетничките односи преку образовниот процес.

Трудот е од областа на Социјалната психологија и е објавен во научно списание индексирано на Web of Science со импакт фактор 0,458 во 2014 год. (1,828 во 2017 год.).

**3.3. Меѓународни списанија:**

Во последните пет години, освен горенаведените трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор, кандидатката има објавено и 10 други рецензирани научни трудови во референтни научни публикации. Како одраз на истражувачките интереси на кандидатката, трудовите допираат теми што се однесуваат на организациската усогласеност, организациската култура, подобрување на организациската ефикасност (задоволство од работа и од различни елементи на работата и работниот простор), однесување на потрошувачите, како и подобрување на меѓуетничките односи преку образованието.

1. Bojadjiev, M., Tomovska Misoska A., Mirocevic, B. and Stefanovska-Petkovska, M. (2018). Organizational culture and the "voice" of Small Entreprises in the electrical engineering service sector in the Republic of Macedonia, *Universal Journal of Management*, 6 (8), pp. 263-272. DOI: 10.13189/ujm.2018.060801.

Трудот припаѓа на областите: Методологија и психометрија и Организациска психологија. Објавен е во научно списание што е индексирано во електронската база EBSCO (со трудови кои подлежат на рецензија).

2. Loader, R., Hughes, J., Petroska-Beshka, V. and Tomovska Misoska, A. (2018). Developing social cohesion through schools in Northern Ireland and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: A study of policy transfer, *Journal on Education in Emergencies*, 4 (1), pp. 114-140. DOI: 10.17609/hkpx-p638.

Трудот е од областа на Социјалната психологија, и е објавен откако е рецензиран во научно списание што се издава во земја членка на ОЕЦД (Соединетите Американски Држави).

3. Томовска Мисоска, А., Петровска, И. и Здравески, П. (2018). Предиктори на барањето, давањето и проследувањето електронски усни препораки кај потрошувачите во Македонија, *Психологија: наука и практика*, 2 (3), 87-103. УДК:658.89:316.772.5(497.7).

Трудот припаѓа на областа Социјална психологија. Објавен е во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, во кое трудовите подлежат на рецензија.

4. Naumovski, S., Bojadjiev, M., Tomovska-Misoska, A., Stefanovska-Petkovska, M. (2016). Organizational alignment in the food industry: case study of a company in the Republic of Macedonia, *Economic Development Journal of the Institute of Economics-Skopje*, 18 (3) pp. 267-280.

Според тематиката што ја покрива, трудот се класифицира во областите: Методологија и психометрија и Организациска психологија. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO.

5. Bojadziev, M., Tomovska Misoska A., Pesev, A. and Stefanoska Petkovska, M. (2016). Organizational alignment in the ICT company in the Republic of Macedonia, *Business and Economic Research*, 6 (2), pp. 424-438. DOI: 10.5296/ber.v6i2.10258.

Трудот припаѓа на областите: Методологија и психометрија и Организациска психологија. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO.

6. Marencheva, D., Petrovska I., Bundaleska, E. and Tomovska A. (2016). Advertising to children and parental buying behavior in the municipality of Gevgelija, *Economic Development*, 18 (1-2), pp. 225-244.

Трудот е од областа на Социјална психологија. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO.

7. Bojadziev, M., Stefanovska Petkovska, M., Tomovska Misoska, A. and Stojanovska, J. (2015). Perceived work environment and job satisfaction among public administration employees, *The European Journal of Applied Economics*. 12 (1), pp. 10-18. DOI: 10.5937/EJAE12-8154.

Трудот е од областите: Организациска психологија и Психологија на трудот. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO.

8. Krliu-Handjiski, V., Bojadjiev, M., Tomovska-Misoska, A., Stefanovska-Petkovska, M. and Krleska, A. (2015). Job diagnostic survey – longitudinal study on the Balkan countries – Macedonia, Bulgaria and Kosovo, *Journal of Management Research*, 7 (4), pp. 39-53.

Трудот е од областа на Организациската психологија. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO.

9. Limani, A., Tomovska-Misoska, A. and Bojadjiev, M. (2015). Organizational alignment as a model of sustainable development in the public sector in the Republic of Macedonia, *Journal of Sustainable Development*, 5 (12), pp. 51-68.

Трудот припаѓа на областите: Методологија и психометрија и Организациска психологија. Објавен е во научно списание со меѓународен уредувачки одбор во кое трудовите подлежат на рецензија.

10. Tomovska Misoska, A., Stefanovska-Petkovska, M., Ralev, M. and Krliu-Handjiski, V. (2014). Workspace as a factor of job satisfaction in the banking and ICT industries in Macedonia, *Serbian Journal of Management*, 9 (2), pp. 159 – 171. DOI: 10.5937/sjm9-6347.

Трудот е од областа на Организациската психологија. Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронските бази EBSCO и Scopus.

**3.4. Студија на случај:**

Кандидатката има објавено и студија на случај (стручен труд) на компанија од Република Албанија, кој е напишан во соработка со уште двајца автори како дел од напорите на мрежата RESITA за подобрување на образованието за претприемништво во земјите од Југоисточна Европа. Трудот е објавен во списание во кое трудовите подлежат на рецензија и е индексирано во електронската база Emerald.

- Kume, V., Tomovska Misoska, A. and Djordjevic, P. (2016). Riding the waves of change: Story of Brunes Ltd, *Emerald Emerging Markets Case Studies*, 6 (2), 1-25.

**3.5. Публикации од конференции (во последните пет години):**

Трите труда презентирани и печатени во целост се поврзани со истражувања на магистранти и докторанти на Универзитетот Американ Колеџ Скопје каде што кандидатката се јавува како ментор или член на Комисија. Трите конференции се со меѓународен уредувачки одбор.

1. Egger, E., Dimitrova, M. & Tomovska Misoska, A. (2018). Entrepreneurial intentions of students in relation to family business experience: Evidence from Macedonia and Slovenia. XIV International May Conference on Strategic Management. Technical Faculty in Bor, IMCSM Proceedings. Vol. 14 (2), ISSN 2620-0597, pp. 131 -140.
2. Tomovska Misoska, A., Petrovska, I. and Mindova, S. (2017). The attitudes towards online shopping: The case of Macedonian students, International Scientific Conference ITEMA 2017: Recent Advances in Information Technology, Tourism, Economics, Management and Agriculture, 26 October, Budapest Hungary.
3. Stosic, M., Petrovska I., Tomovska, A., Pacovski, V. and Dimitrova, M. (2014). Measuring Social media return on investments, International May Conference on Strategic Management – IMKSM2014, 23 – 25 May, Bor Serbia.

**3.6. Учество на конференции:**

Д-р Ана Томовска Мисоска учествувала на неколку конференции со меѓународен уредувачки одбор со излагање на следните трудови за кои е испечатен абстракт во зборниците на абстракти од конференцииите:

1. Petrovska, I., Tomovska Misoska, A., Zdraveski, P. and Bojadjiev, M. (2017). Influence on consumer engagement in electronic word of mouth, 5 th International Conference on Contemporary Marketing Issues, 21-23 June, Thessaloniki, Greece.
2. Tomovska Misoska, A., Dimitrova M. and Mrsik, J. (2015). Drivers of entrepreneurial intentions among business students in Macedonia, *The 7 th International Conference European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy*, 21-23 May, Pula, Croatia.
3. Tomovska Misoska, A. (2015). Dynamic Development of Ethnic Identity among 10-11 year-old Children in Northern Ireland and the Republic of Macedonia, *International Conference on Theory and Practice in Psychology,* Skopje: 30 October – 1 November 2014.

**3.6. Истражувачки престој**

Во 2017 година кандидатката има остварено истражувачки престој на School of Social Sciences Education and Social Work при Queens University, Belfast, со финансиска поддршка од Civil Society Scholar Award by Open Society Institute.

**3.7. Истражувачки проекти**

Во изминатите пет години, д-р Ана Томовска Мисоска била вклучена во повеќе истражувачки проекти:

1. Од јануари 2011 е континуирано вклучена во Проектот Vox Organizationis за развој и тестирање на постапка и инструменти за мерење на организациска усогласеност на Универзитет Американ Колеџ Скопје.
2. Во периодот октомври 2017 – март 2018 и повторно, во периодот ноември 2018 – март 2019 е вклучена во проектот „Helping Kids! Promoting Positive Intergroup Relations and Peacebuilding in Divided Societies“. Проектните активности опфаќаат креирање на инструмент за мерење на развојните аспекти на етничкиот идентите кај деца од 6 до 11 годишна возраст, мерење на повеќе варијабли поврзани со просоцијално однесување, социјална дистанца и перцепција на контакт и конфликт. Проектот се реализира во соработка со Queen’s University Belfast и Rochester Institute of Technology Kosovo и е

финансиран од Department for the Economy (DfE) - Global Challenge Research Fund (GCRF) Award.

3. Во април и мај 2018 година е вклучена во проектот „Regional Roma Survey“ како помошник истражувач за анализа на квалитативни податоци со користење на софтверот SenseMaker. Проектот е спроведен со поддршка на UNDP.
4. Од декември 2017 до април 2018 е вклучена во истражувањето „Перцепција, ставови и мислења на главните засегнати страни во образовниот процес во поглед на меѓуетничката интеграција во образованието“ за анализа и интерпретација на наоди од анкета на ученици, наставен кадар, стручни служби и родители. Проектот е финансиран од канцеларијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија.
5. Од јануари 2017 до октомври 2017 е истражувач во истражувањето „From numbers to practice – identification and analysis of the indicators related to the quality of the didactic process in the primary education in Macedonia“ како дел од Fiscast мрежата поддржана од Британската Амбасада Скопје.
6. Од февруари 2015 до јуни 2015 е вклучена како локален истражувач на проектот SI-DRIVE за мапирање на социјални иновации, координиран од Technische Universität Dortmund и финасиски поддржан од FP7 програмата на Европската Унија.
7. Во периодот март 2014 – октомври 2014 е главен евалуатор на проектот „Јакнење на меѓуетникчката соработка во општините“ спроведен од Македонски центар за граѓанско образование, а финансиран од Pestalozzi Children’s Foundation.

### 3.8. Рецензент во научно списание

Кандидатката била ангажирана како рецензент на трудови објавени во следните списанија со меѓународен уредувачки одбор: Journal of Peace Education и Journal of Entrepreneurship and Innovation. Кандидатката исто така била ангажирана како рецензент на списанието Transnational Journal of Business кое се публикува во земја членка на ОЕЦД.

### 3.9. Патент

Кандидатката има државен патент П-2012/493 за „Постапка за одредување на организациска усогласеност“, заедно со Проф. д-р Марјан Бојаџиев – носител на патент и д-р Миодрага Стефановска-Петковска.

## 4. ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Членства во професионални организации и здруженија

Д-р Ана Томовска Мисоска членува во Македонска асоцијација за човечки ресурси и во Комората на психолози на Република Северна Македонија.

### 4.2. Професионални обуки, семинари и симпозиуми

Во последните пет години, д-р Ана Томовска Мисоска била презентер, обучувач или учесник во повеќе професионални обуки, семинари и симпозиуми, меѓу кои поважни се следните:

- Презентер на позитивни примери на меѓуетничка соработка во средното образование во Р. Северна Македонија и Северна Ирска на собирот на претставници на релевантните национални образовни институции, насловен "Education in Divided Societies: Developing and Researching Shared Education in the Republic of Macedonia, Bosnia and Herzegovina, and Croatia". Септември 2017, Скопје.
- Обучувач за методологија на истражување на семинари за студенти на докторски студии и ментори од Србија, Албанија и Македонија насловени како „Joint Research Workshops" организирани како дел од RESITA network. Октомври 2016, Тирана и јануари 2015, Скопје.
- Учесник во работилница за пишување студии на случај како дел од RESITA network. Септември 2014, Тирана и февруари 2014, Скопје.
- Презентер на напредокот на образованието за претприемништво во Република Мекедониаја. Јуни 2014, Блед, Словенија.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека кандидатката, д-р Ана Томовска Мисоска, вонреден професор, покажува постојана и прогресивна научна, образовна и стручна активност што ја потврдува нејзината ориентација за сериозен пристап кон проблематиката во областите Социјална психологија, Психологија на трудот, Организациска психологија и Методологија и психометрија, коишто се предмет на конкурсот. Кандидатката има објавено една монографија од научната област Социјална психологија, а во последните пет години има објавено повеќе од шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации, кои припаѓаат на различните области за кои се избира. Во периодот по нејзиниот избор за вонреден професор има реализирано и бројни други релевантни активности од различна природа: учества на научни и стручни конференции, учества во истражувачки проекти, членство во стручни асоцијации, пишување рецензии за меѓународни научни списанија, остварен студиски престој, држење стручни работилници и обуки, а носител е и на регистриран патент.

Со оглед на горенаведеното, а врз основа доставената документација и познавањето на кандидатот, рецензентската комисија оценува дека д-р Ана Томовска Мисоска ги исполнува предвидените законски услови и со особена чест и задоволство му предлага на Советот да ја избере во звањето редовен професор по група предмети од областите Социјална психологија, Психологија на трудот, Организациска психологија и Методологија и психометрија.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Виолета Петроска Бешка, с.р.
Филозофски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Николина Кениг, с.р.
Филозофски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТА ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со одлука број 17-2184/6 од 25 декември 2018 година донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, одржана на 25 декември 2018 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за областа италијански јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во *Независен весник* на 14 декември 2018 година. Во предвидениот рок се пријави

*1. м-р Анета Симовска*

Врз основа на документацијата приложена од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Анета Симовска е родена на 08.02.1973 година во Скопје. Основно образование и гимназија завршува во Скопје. За време на своето школување, таа има постигнато солидни резултати. По завршување на средното образование на културолошко-јазична насока, во 1991 година кандидатката се запишува на катедрата по македонска книжевност и македонски јазик, наставна насока, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Таа дипломирала во 1997 година стекнувајќи се со стручен назив – дипломиран професор по македонска книжевност и македонски јазик. По дипломирањето се запишува на доквалификација и ги завршува студиите по италијански јазик и книжевност – наставна насока.
По завршувањето на студиите, се запишува на постдипломските студии по општа лингвистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Испитите од постдипломските студии, Анета Симовска ги има положено со просек од 8.5, а како дел од постдипломските студии има изработено две семинарски работи на теми од контрастивната анализа на италијанскиот и македонскиот јазик.
На 15.06.2010 год., кандидатката го брани својот магистерски труд на тема „*Морфолошкиот аспект на именките во италијанскиот и во македонскиот јазик (родова и броева опозиција)*“, под менторство на проф. д-р Петар Атанасов, во којшто се врши истражување на родовата и броевата опозиција на именките во двата јазика, заедно со нивните морфолошки карактеристики. По одбраната, таа се стекнува со степенот магистер на филолошки науки.

**Наставно-образовна дејност**

Во 1995 година почнува да работи како новинар од областа на културата во Тв Сител Скопје. Во 2001 година работи како професор по италијански јазик во неколку училишта за странски јазици во Скопје. Во 2002 година кандидатката е избрана за лектор по македонски јазик на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и се вработува на работното место лектор по македонски јазик на катедрата за словенски јазици на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, Италија, каде држи настава во учебните 2002/2003, 2003/2004, 2004/2005, 2005/2006 и 2008/2009 година. Во учебните 2006/2007 и 2007/2008 година работи како професор по италијански јазик во училишта

за странски јазици во Скопје и се занимава со литературен превод од италијански на македонски јазик.
Од учебната 2009 година избрана е за лектор по италијански јазик на Универзитетот „Американ Колеџ" во Скопје. Од тогаш до денес го предава предметот италијански јазик како странски јазик. Паралелно со ова, таа активно учествува во настаните организирани од страна на Факултетот за странски јазици, како и на целиот Универзитет (меѓународни конференции, семинари, гости-предавачи, итн.).
Од 2006 година до денес активно работи како преведувач од италијански јазик на македонски јазик и обратно, со што се здобива со големо искуство за специфични преводи од разни области како и литературни преводи на значајни книжевни дела. Во 2010 како лектор предава на Меѓународниот Семинар за македонски јазик, литература и култура. Од 2010 до 2012 година Анета Симовска учествува во проектот „Темпус" за македонскиот како странски јазик.
Од 2016 активно учествува во Проектот на Институт Данте Алигиери за рано изучување на италијанскиот јазик во основните училишта, поддржан од Италијанската амбасада.

Во 2017 година, Анета Симовска е избрана за Генерален секретар на Институтот „Данте Алигиери", Комитет во Скопје, со седиште во Рим, Италија. Од 2018 година е акредитирана во Комисијата за полагање на испитите за меѓународниот сертификат за познавање на италијанскиот јазик „Плида".

М-р Анета Симовска е член на Здружението на наставници по италијански јазик.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатката м-р Анета Симовска има учествувано на конференции, семинари и обуки за образование и странски јазици.
Истражувачки семинари / Research Seminar Series, Универзитет Американ Колеџ Скопје, 2009/2015
Ден на Италијанскиот јазик и култура, Универзитет Американ Колеџ Скопје, мај 2011
Семинар за наставници по италијански јазик, Laboratorio Itals, Università Ca' Foscari, Venezia, Italia во соработка со Институтот Данте Алигиери, Скопје, април 2013
Семинар за наставници по италијански јазик, Laboratorio Itals, Università Ca' Foscari, Venezia, Italia во соработка со Институтот Данте Алигиери, Скопје, јуни 2013
Студиски ден за сертификатот за италијански јазик ПЛИДА, Институт Данте Алигиери во соработка со Италијанската амбасада, Скопје, октомври 2013
9th Annual international academic conference on European integration The Europe of tomorrow: Creative, Digital, Integrated: Protection of Cultural Heritage in Italy and Macedonia, мај 2014
Семинар за наставници по италијански јазик, Laboratorio Itals, Università Ca' Foscari, Venezia, Italia во соработка со Институтот Данте Алигиери, Скопје, јуни 2014
Семинар за наставници по италијански јазик, Laboratorio Itals, Università Ca' Foscari, Venezia, Italia во соработка со Институтот Данте Алигиери, Скопје, октомври 2014
Семинар за наставници по италијански јазик, Laboratorio Itals, Università Ca' Foscari, Venezia, Italia во соработка со Институтот Данте Алигиери, Скопје, мај 2015.

**Дејности од поширок интерес**

Во рамките на својата преведувачка работа, Анета Симовска ги има преведено следниве книги:

*Животно во срцето* - Кристина Коменчини; Три, Скопје
*Медитација* – Кришнамурти; Три, Скопје
*Компаративна литература* (прво поглавје) - Армандо Њиши; Магор, Скопје

*Џони сејачот* Франческо - Д’Адамо; Вермилион, Скопје
*Последниот Елф* - Силвана де Мари; Вермилион, Скопје
*Алдабра* - Силвана Гандолфи; Вермилион, Скопје
*Морганте* - Луиџи Пулчи; Ѕвезди на светската книжевност, Конгресен Центар, Скопје
*Украдена љубов* - Дача Мараини; Македонска реч, Скопје
*Едиција Мачки детективи* – (6 книги) Алесандро Гати, Давиде Морозиното; Арс Ламина, Скопје
*Едиција Замокот на стравот* – (3книги) Гвидо Стардоли, Ана Виварели, Алесандро Гати; Арс Ламина, Скопје.
*4 Пријатели онлајн!* – Каролина Каприа; Арс Ламина, Скопје
*Еден живот* – Итало Звево; Македоника литера, скопје
*Време за убивање* – Енио Флајано; Арс Ламина, Скопје
*Презир* – Алберто Моравиа; Арс Ламина, Скопје
*Речиси еден живот* – Корадо Алваро; Арс Ламина, Скопје
*Поликсена од кочината* – Бјанка Пицорно; Арс Ламина, Скопје
*Пинокио* – Карло Колоди; Арс Ламина, Скопје
*Манастариот на сто гревови* – Марчело Симони; Готен, Скопје
*Здивот на мермерот* – Лаура Черниаускате; Готен, Скопје
*Осум планини* – Паоло Коњети; Македоника литера, Скопје

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, за научно-истражувачката, за стручно-апликативната дејност, како и за дејностите од поширок интерес на м-р Анета Симовска и врз основа на одредбите на Законот за високото образование и на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, констатираме дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој. Нејзината работа го потврдува систематскиот пристап кон проблемите од сите наведени области.
Имајќи ја предвид вкупната дејност на кандидатката, оценуваме дека м-р Анета Симовска ги исполнува предвидените законски и други услови и имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје да ја избере во звањето лектор по група предмети во областа на италијанскиот јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

вон.проф. Руска Ивановска Наскова, с.р.
Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

вон.проф. Лучана Гуидо Шремпф
Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

лектор Сузана Волнаровска Спасовска, с.р.
Факултет за странски јазици
Универзитет „Американ колеџ“ во Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323